**Општина Прилеп**
Локална самоуправа
**Municipality of Prilep**
Local self-government

ОПШТИНА ПРИЛЕП
Локална самоуправа
Бр. 03-207/1
23.01.2023 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 55 од Статутот на Општина Прилеп *(Службен гласник на Општина Прилеп број 5 од 27.05.2021)* член 5 од Одлуката за формирање на Локален младински совет, а во врска со член 17 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.10/20), градоначалникот на Општина Прилеп го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## За избор на членови на Иницијативен одбор за формирање на Локално собрание на млади на Општина Прилеп

1. Се формира Иницијативен одбор за конституирање на Локалното собрание на млади на Општина Прилеп. За членови на Иницијативниот одбор се избрани:

- Елена Николоска (Детска амбасада за сите деца во светот)
- Марио Велковски (УМС на ВМРО-ДПМНЕ, ОК Прилеп)
- Александра Стојаноска (Здружение ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ФЕНИКС - Прилеп)
- Стефани Мажучанец (Здружение Младински совет - Прилеп)
- Филип Стојаноски (Здружение ИЗВИДНИЧКИ ОДРЕД ФЕНИКС - Прилеп)

2. Иницијативниот одбор е неформална група која има цел да се консултираат младите и да се застапат нивните интереси во формирањето на Локалното собрание на млади. Бројот на членови во Иницијативниот одбор е пет и единствено тие членови имаат за задача да го формираат Локалното собрание на млади. Времетраењето на Иницијативниот одбор е краткорочно и завршува со конституирањето на Локално собрание на млади. Работата на истото се координира и помага од службеникот за млади во Општина Прилеп.

3. Иницијативниот одбор во својата работа е должен да ги почитува Законот за младинско учество и младински политики ("Службен Весник на РСМ" бр.10/20) и Статутот на Општина Прилеп *(Службен гласник на Општина Прилеп број 5 од 27.05.2021)*

4. Ова решение влегува на сила со денот на неговото донесување.

Правна поука: Против ова решение незадоволната страна нема право на жалба.

Бр. 08-207/1
23.01.2023 год

Општина Прилеп
Градоначалник
Борче Јовчески

Ул. Прилепски бранители бр. 1, Прилеп
**www.prilep.gov.mk prilep@prilep.gov.mk**
tel.: ++389 (0) 48 401-701
faks.: ++389 (0) 48 401-720